Прехранбена индустрија
"ВИТАМИНКА" А.Д. Прилеп
Примено: 17-05.2019

| Орг. един. | Број | Прилог | Вред. |
| --- | --- | --- | --- |
| 02 | 2145/1 | | |

**До**
**ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ**
**НА П.И.„ВИТАМИНКА“ А.Д. Прилеп**

**Предмет: Предлог за усвојување одлука во делот на постоечката точка за избор на овластено ревизорско друштво на закажано годишно Собрание на акционери во 2019 година**

Согласно со член 390 став 5 од Законот за трговските друштва, како акционер кој поседува повеќе од 5% од акциите со право на глас на претстојното Акционерско собрание на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп, во делот на точка 8 од дневниот ред, предлагам усвојување одлука за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година, со изменета содржина во однос на првично предложената.

***Образложение***

Прехранбена индустрија „Витаминка“ АД Прилеп како голем трговец, во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, има обврска да назначи овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи. Изборот на овластениот ревизор го врши друштвото. За ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи во 2018 година беше избрано овластеното друштво за ревизија „ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ“ ДОО Скопје, а во таа насока е и предложената одлука за претстојното годишно Собрание на акционери во 2019 година. Меѓутоа, со почеток од 2012 година и сè до 2017 година, П.И.„Витаминка“ АД Прилеп сосема успешно соработуваше со респектабилното овластено друштво за ревизија „Грант Торнтон“ ДОО Скопје. Дополнително, станува збор за овластено друштво за ревизија чии услуги за предметната ревизија се високо квалитетни и истовремено ценовно поконкурентни од нивните конкуренти, вклучително и од сега предложеното ревизорско друштво. Заради изнесените аргументи, предлогот е повторно да се обнови соработката со „Грант Торнтон“ ДОО Скопје.

17.05.2019 год.

Дипл.инг. Симон Наумоски

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП

Врз основа на членовите 383, 384 и 479 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2019 год.**

**Член 1**

За ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, за годината што завршува на 31.12.2019 год., согласно Меѓународните сметководствени стандарди, се избира овластената ревизорска куќа „Грант Торнтон“ ДОО Скопје.

**Член 2**

Се овластува Генералниот извршен директор да склучи договор со Друштвото за ревизија од членот 1 на оваа одлука во кој ќе бидат регулирани правата, обврските и одговорностите помеѓу корисникот и давателот на услугите.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

____________________________